Проектот е финансиран од

Европската унија

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД ГРАД СКОПЈЕ

Регионален Бизнис Центар Скопје

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО Планетум

**ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН**

**ЗА ВКЛУЧЕНОСТ НА НЕФОРМАЛНИТЕ СОБИРАЧИ НА ОТПАД**

**ГРАД СКОПЈЕ**

Оваа публикација е произведена со помош на Европската унија. Одговорноста за содржината на публикацијата ја сноси МДЦ-Ти.Нет и не претставува ставови и мислења искажани од Европската унија.

## I. Акциски план

1. Членови на работната група
2. Приоритети
3. Акциски план
4. Потребни услови за формирање на задруга или социјално претпријатие во сопственост на неформалните собирачи на отпад во земјата.

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| ЕД | Еколошко друштво |
| ЕЕ | Електрично и Електронско ѓубре |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕИДХР | Европски инструмент за демократија и човечки права |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЗНС | Здружение на неформални собирачи на секундарни суровини |
| ЛЕАП | Локален акциски план за животна средина |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| НСО | Неформални собирачи на отпад |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТСП | Министерство за труд и социјала политика |
| ПЕТ | Полиетилен терфталат |
| ПП | Полипропилен |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈПКД | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |



**Основни податоци за Град Скопје**

Градот Скопје е најголемиот град во земјата, со 507,000 жители (според пописот спроведен во 2006). Градот Скопје е административен, економски, културен и образовен центар. Градот има 10 општини: Сарај, Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Чаир, Бутел и Шуто Оризари. Градот се простира на 1818 $км^2$, 23 км во должина и 9 км во широчина. Во општината Шуто Оризари живее најголемиот број на НСО, но тие работат/собираат на целата територија на градот. Врз основа на податоците достапни од пописот од 2002 година, Општината Шуто Оризари има 18,907 жители од кои 79.10% се Роми. Постои податок дека во општината живеат 2,814 бегалци Роми од Косово.

Врз основа на податоците од 2008, во градот Скопје, годишно се собира 162,910 мт мешовит отпад. 147,448 мт од урбаните населби а 15,462 мт од руралните средини на Скопје. Годишно во депонијата „Дрисла“ се истура 139,147 мт отпад. Се проценува дека годишно 8,000 мт отпад се исфрла на диви депонии. Составот на отпадот на територијата на Скопје е:

*Табела 1 – Создадена и собрана количина на за вид на отпад во градот Скопје (извор: План на градот Скопје за управување на отпадот)*

| | ***Вид на отпад за рециклирање*** | ***Генерирана количина месец/година*** | ***Собрана количина месец/година*** | ***Рециклиран/обновен стапка %*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Пазарна вредност на рециклираниот материјал*** | ***Хартија/картон*** | 19,386 | 15,500 | 80% |
| | ***Пластика*** | 15,639 | 2,500 | 16% |
| | ***Метали*** | 4,236 | 100 | 2% |
| ***Отпад од пакувања за соработка со оператори за пакување*** | ***Стакло*** | 5,702 | n/a* | n/a* |
| | ***Дрво*** | 4,399 | n/a* | n/a* |
| | ***Измешан материјал за пакување*** | 3,584 | n/a* | n/a* |
| ***Нема доволно достапни податоци*** | ***Опасен отпад*** | 326 | n/a* | n/a* |
| ***Не се рециклираат*** | ***Биоразградлив*** | 42,357 | n/a | n/a |
| | ***Текстил*** | 4,724 | n/a | n/a |
| | ***Други материјали*** | 12,218 | n/a | n/a |
| | ***Фини мешани честички*** | 50,339 | n/a | n/a |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***(<10 мм)*** | | | |
| | | ***162,910*** | ***18,100*** | |

**Податоци за собраниот отпад во 2012, Годишен извештај на Јавното комунално претпријатие**

Општ впечаток е дека системот за собирање на рециклираниот отпад како и на пазарот за рециклиран отпад во земјата и во Скопје е се уште во транзиција/развој. Значително високиот процент на рециклирана хартија/картон е силен индикатор дека пазарот во голема мера зависи од механизмите за собирање на неформалните собирачи на отпад. Традиционално, неформалните собирачи на отпад собираат картони и ПЕТ, со силна неподготвеност за прифаќање било какви промени на пазарот и за нови барања за собирање на други отпадни материјали. Неформалните собирачи на отпад (во понатамошниот текст НСО) од Скопје покажуваат поголем интерес за собирање на пластични пакувања (во поголем дел ПЕТ шишиња), факт што е потврден од ЈП Комунална хигиена Скопје, ГРИНТЕХ МК, ПАКОМАК, од НСО и од откупните центри на отпад.

*Табела 2, Собран отпад во 2012, ПЕТ, картон, лименки(Годишен извештај на ЈП Комунална хигиена, 2012)*

| **Месец 2012** | **ЈП Комунална хигиена** | | | **Неформални собирачи на отпад** | | | **Вкупно** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПЕТ (кг)** | **Картон (кг)** | **Лименки (кг)** | **ПЕТ (кг)** | **Картон (кг)** | **Лименки (кг)** | **ПЕТ (кг)** | **Картон (кг)** | **Лименки (кг)** |
| Јануари | 50 | 3.500 | 0 | 5.513 | 31.991 | 11 | 5.563 | 35.491 | 11 |
| Февруари | 50 | 3.500 | 0 | 5.862 | 26.011 | 0 | 5.912 | 29.511 | 0 |
| Март | 200 | 4.000 | 0 | 6.285 | 12.077 | 19 | 6.485 | 16.077 | 19 |
| Април | 400 | 3.500 | 0 | 3.475 | 12.535 | 13 | 3.875 | 16.035 | 13 |
| Мај | 400 | 1.000 | 0 | 4.141 | 9.744 | 56 | 4.541 | 10.744 | 56 |
| Јуни | 50 | 1.000 | 0 | 5.368 | 10.220 | 21 | 5.418 | 11.220 | 21 |
| Јули | 50 | 500 | 0 | 5.131 | 7.516 | 131 | 5.181 | 8.016 | 131 |
| Август | 50 | 350 | 215 | 6.447 | 5.021 | 37 | 6.497 | 5.371 | 252 |
| Септември | 620 | 2.500 | 0 | 6.890 | 4.436 | 88 | 7.510 | 6.936 | 88 |
| Октомври | 650 | 5.000 | 0 | 8.776 | 3.488 | 67 | 9.426 | 8.488 | 67 |
| Ноември | 630 | 5.500 | 0 | 9.648 | 7.074 | 36 | 10.278 | 12.574 | 36 |
| Декември | 0 | 2.310 | 0 | 5.754 | 1.299 | 0 | 5.754 | 3.609 | 0 |
| ***Вкупно-2012.*** | ***3.150*** | ***32.660*** | ***215*** | ***73.290*** | ***131.412*** | ***479*** | ***76.440*** | ***164.072*** | ***694*** |
| ***Вкупно-2011.*** | ***10.100*** | ***20.900*** | ***0*** | ***51.008*** | ***185.860*** | ***382,8*** | ***61.108*** | ***206.760*** | ***382,8*** |
| ***Разлика*** | ***-6.950*** | ***11.760*** | ***215*** | ***22.282*** | ***-54.448*** | ***96,2*** | ***15.332*** | ***-42.688*** | ***311,2*** |

## I. АКЦИСКИ ПЛАН

**Целта на овој Акциски план за градот Скопје е:**

**Да овозможи ефикасен и одржлив систем за управување на отпадот од пакувања преку создавање на поволна средина за неформалните собирачи на отпад да учествуваат и да ги усвојат мерките за почист град.**

**ЕИДХР го поддржа проектот за вклучување на неформалните собирачи на отпад од ромска националност во формалната шема за собирање на отпад во земјата. Овој проект беше имплементиран од МДЦ-ТИ.Нет и создаде работни групи во Скопје, Струмица и Кочани. Работните групи** се состојат од седум клучни страни, што претставуваат различни институции во секој град. Работната група за Скопје е поголема, бидејќи вклучува претставници од неколку централни и надлежни институции:

**1. Работна група**

| Општина | Институција | Име и презиме | Позиција |
|---|---|---|---|
| Град Скопје | ПАКОМАК, прв лиценциран оператор за отпад од пакувања | Филип Ивановски | Директор |
| Град Скопје | Институт за јавно здравство | Елизабета Стикова | Советник и директор, оддел за трудова медицина и оцена за ризик на работното место |
| Град Скопје | Министерство за труд и социјална политика | Мабера Камбери | Управител на одделот за координација и техничка помош |
| Град Скопје | Град Скопје | Никола Јовановски | Оддел за заштита на природата и животната средина |
| Град Скопје | Град Скопје | Кирил Петрушевски | Соработник, оддел за комунална хигиена |
| Град Скопје | Град Скопје | Христина Трипуновска | Соработник, оддел за комунална хигиена |
| Град Скопје | Агенција за вработување | Ведат Зилбеари | Стручен соработник за професионална ориентација |
| Град Скопје | Здружение на неформални собирачи | Александар Тиквешански | Претседател на Извршниот одбор |
| Град Скопје | "Комунална хигиена" | Добре Босилковски | Помошник директор за финансиски-правни прашања |
| Град Скопје | Неформален собирач | Сали Селда | Неформален собирач – жена |
| Град Скопје | Неформален собирач | Асан Реџеп | Неформален собирач |
| Град Скопје | ГРИНТЕХ МК | Габриела Ефтимова | Координатор на канцеларија |
| Град Скопје | Комора на занаетчии | Снежана Денковска | Извршен директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Град Скопје | НВО Конект | Никица Кусинкова | Извршен директор |
| Град Скопје | ДРИСЛА – Скопје - ДОО | Шефкет Ибиши | Заменик директор |

2. По консултацијата во Скопје и процесот за планирање на Акцискиот се појавија бројни аспекти кои станаа приоритети.

1. Работата во минатото со центрите за рециклирање, со Комунална хигиена Скопје, Пакомак и со неформалните собирачи на отпад создаде предност за работа во здруженија/социјални претпријатија.
2. Од трите веќе договорени центри за рециклирање, еден е веќе изграден но едвај функционира, а пак останатите два треба да бидат изградени. Како резултат на тоа, можеби е корисно да се експериментира со некаков вид на "село за рециклирање" што ќе обезбеди земја, простор за рециклирање, магацин, простор за складирање, опрема, и простор за евиденција на НСО што се под договор со ЈП Комунална хигиена, ПАКОМАК и Град Скопје.
3. Ранливост и зависност од донатори.
   Неформалните собирачи на отпад, локалните власти и јавното претпријатие изгледа дека немаат директна меѓусебна врска што ќе им овозможи да бидат одговорни едни кон други и да имаат активности надвор од рамката на проекти финансирани од донатори.
4. Разбирање на рециклирањето како бизнис што е одржлив со текот на времето.
   Рециклирањето за собирачите на отпад и за неформалните центри за рециклирање претставува бизнис, а не проект. За локалните власти, рециклирањето е нешто што го бара ЕУ и поради тоа е подготвена да помогне со субвенции, договори и фнансии од донатори. Кога не постои некаква акција или пак достапни средства за проект, локалните власти ја губат подготвеноста за организрање на рециклирањето, но тоа не е случај со собирачите. Нивните потреби остануваат исти – тие имаат потреба од стабилен живот и стабилна работна средина што ќе им дозволи да продолжат и да ги подобрат нивните активности додека живеат во пристојна средина.

Затоа целта на овој Акциски план за официјализирање на неформалните собирачи на отпад е да се создаде одржливо вработување за НСО кои што во моментот работат на пазарот што се одликува со голема конкуренција, многу мал профит и нехигиенски работни услови. Со нивното организирање во социјални или микро претпријатија што ќе бидат во можност да ги одвојат и третираат отпадот ќе им се овозможи повисок профит, а со тоа и долготрајно формално вработување на сите засегнати страни.

Проектот на ЕИДХР за интегрирање на неформалните собирачи на отпад во формален систем за управување се залага за здрава егзистенција преку создавање на одржливо вработување за неформалните собирачи на отпад (НСО) и да понуди помош за пристап до здравствени, образовни и социјални услуги.Потврдено е во текот на дискусиите на работните групи дека ова може да се постигне со нивна организација во само-управувачки социјални претпријатија или задруги што се во можност да го собираат, поделат и/или третираат отпадот во поголеми рамки. Ова ќе овозможи поголема количина и поголема добивка, што ќе резултира со основа за одржливо и формално вработување и индиректно ќе овозможи подобар пристап до јавните и социјалните услуги (здравство, образование, социјална благосостојба, и интеграција во граѓанското општество. Поради тоа, овој Акциски план се фокусира на создавањето на средина за формирање на таков субјект. Задругата ќе се гради врз искуствата на Проектот за рециклирање на пластика што веќе на успешен начин ги вклучува НСО во формалниот систем за управување на отпадот во Градот Скопје а со тоа позиционирајќи ги НСО во понатамошниот развој на системот. Од друга страна, впечатокот е дека формализацијата и одредбите за законска основа за собирање на отпад не се целосно исполнети, што подразбира дека НСО се уште се приватни/лица/индивидуи коишто оперираат во рамките на веќе воспоставен систем. Правниот договор помеѓу ЈП и НСО е едноставен трговски договор со кој ЈП ќе набавува количини доставени од НСО со гарантирани

цени. НСО ќе можат да сервисираат одредени контејнери во секоја област и да користат опрема за собирање (трицикли и ХиС опрема). Со таков договор, прво не постојат гаранции за ЈП а потоа и за крајните рециклирачи за постојаното набавување на секундарни материјали отпад бидејќи целиот систем зависи само од волјата на НСО. Не постои работно време или систем за количина што треба да биде доставена на /дневно/неделно/месечно ниво. Целиот систем е заснован врз принципот на „платен си за тоа што ќе го донесеш, кога ќе го донесеш“. Овој принцип е многу сличен со сегашниот пристап и начинот на живот на НСО и ги зачувува нивните децениски навики.

Како втора точка поврзана со формализацијата на НСО е потребата за социјална/здравствена/пензиска заштита и економска стабилност и осигурување на НСО. Со таков пристап, НСО се уште се надвор од постојаниот систем на вклученост во системот на здравствено/пензиско осигурување поради фактот дека немаат постојано вработување туку работат на ад хок трговски потреби (форма на еднократна работа или по потреба). НСО се уште се надвор од системот и од социјалните прашања поради социјално-економската нестабилност.

Акцискиот план се обидува да ги организира организациите на НСО во правни субјекти. На долг рок, веројатно индивидуалните собирачи на отпад (формални или неформални) ќе бидат изненадени од компании и корпорации што ќе влезат интензивно во индустријата за рециклирање и ќе развијат пазар, сличен на тој во Скопје. Со самостојното организирање на НСО во правни субјекти (препорака е да се организираат во задруги или социјални претпријатија), тие ќе станат значајни засегнати страни во целиот ланец за рециклирање во Скопје. Оваа форма на правен субјект ќе ја гарантира одржливоста и долготрајното партнерство со ЈП и/или со Градот Скопје. Достигнувањата на ЈП „Комунална хигиена“ се сметаат за многу значајни. Кругот ќе биде заокружен доколку сегашните организации на НСО добијат правна форма и станат правни трговски субјекти со сите здравствени и пензиски осигурувања на своите членови/вработени.

### 3. Акциски план за Град Скопје

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Да се минимизира отпадот од пакувања со организација на неформалните собирачи на отпад во Скопје* | Да се воспостави одвојување на отпадот и негово обновување на изворите | Пакомак/ ЈП Комунална хигиена/ НСО | Обезбедување на кутии за отпадоци и | % одвојување % обновување | 1 година |
| | Да се развијат стимуланси што ќе го интегрираат и зајакнат јавниот и неформалниот сектор | Пакомак/ ЈП Комунална хигиена/ НСО / МДЦ ТИ НЕТ/ ЗНС/ Град Скопје | Преглед на сегашната соработка помеѓу НСО и јавното претпријатие, ПППнасоки, договори за дополнителни 20 НСО | Сегашната соработка да се прошири со најмалку 20 НСО | 1 година |
| | Организирање и формализирање на | ЗНС/ ПАКОМАК/ МТСП/ Комунална | Регистрација, лиценцирање на субјектите со закони за | Еден регистриран субјект во Скопје | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | неформалните собирачи на отпад во задруги/микро-претпријатија | хигиена/ Министерство за животна средина/Град Скопје | управување со отпад | | |
| | Развој на бизнис модел за формирање на социјално претпријатие од НСО-ата | ПАКОМАК/ ЈП Комунална хигиена / НСО/ МДЦТИ Нет. / ЗНС/ Град Скопје | Ангажирање на консултант за да развие бизнис план за социјалното претпријатие | Развиен и усвоен бизнис план за социјалното претпријатие | 1 година |
| | Изградба на мал објект за обновување на материјалите /Погон за рециклирање | ЗНС/ Пакомак / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина | Приватно јавно партнерство | Процент на обновениот отпад и приход | 1-3 години |
| | Обезбедување на земјиште обновување на материјалите од страна на НСО-ата | ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. / ПАКОМАК / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина | Обележување на земјиштето / употреба на планираните површини за рециклирање во Скопје | Обележување на земјиштето согласно планот на Град Скопје за управување со отпад | 1-3 години |
| | Кампањи за маркетинг и продажба за пристап до генератори на отпад од пакување | ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. / ПАКОМАК / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина | Подготвен и спроведен маркетинг план | Број на договори со генератори и исполнување на нивните потреби | 1-3 години |
| | Воспоставување на силни партнерства помеѓу социјалните претпријатија и со индустријата за рециклирање | ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. / ПАКОМАК / Комунална хигиена / социјално претпријатие | Дефиниран модел за соработка помеѓу социјално претпријатие и со индустријата за рециклирање согласно условите на пазарот | 5 потпишани договори со различни видови на компании за рециклирање/количина на отпад и приход | 1-3 години |
| | Фонд за формирање на социјалното претпријатие | ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. / ПАКОМАК / МТСП/ Комунална | Повеќе-спектарски пристап/ Прибирање финансиски | Најмалку 100.000 евра за формирање во кеш и опрема/земјиште | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | хигиена / Министерство за животна средина / Донатори / Град Скопје | средства | | |
| | План за социјалното претпријатие | ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. / ПАКОМАК / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина / Донатори / Град Скопје | Ангажиран еден менаџер | Развиен план (административен и извршен), најмалку 30 НСО под договор | 1-3 години |
| | Прибирање на средства за социјалното претпријатие што е во сопственост на НСО | ЗНС/ ПАКОМАК / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина / Донатори / Град Скопје | План за генерирање приход од пазарот | Потпишани договори со 10 генератори на отпад од пакувања во Скопје (супермаркети итн) | 1-3 години |

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Обуки и развој на капацитетите на НСО што се вработени во социјалното претпријатие* | Здравствени и безбедносни обуки | ЗНС/ Институт за јавно здравство/ социјално претпријатие | Обуки за секој член на социјалното претпријатие | 50 обучени НСО | 1-3 години |
| | Обуки за безбедност во сообраќај | ЗНС/Министерство за внатрешни работи / социјално претпријатие | Обука за сите членови на социјалното претпријатие за правилата во сообраќајот | 50 обучени НСО | 1-3 години |
| | Обуки за управување со отпадот од пакувања | ЗНС/ ПАКОМАК / МТСП/ Комунална хигиена / Министерство за животна средина / Донатори / Град Скопје | Обука за сите членови на социјалнотопретпријатие за принципите за управување со отпад и за законот за отпад од пакувања | 50 обучени НСО | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Обуки за вештини за управување, сметководство, решавање на конфликти, генерирање на приход и одржливост | ЗНС/ Социјално претпријатие / МДС ТИ Нет. | Обука за сите членови на социјално претпријатие за деловен развој | 50 обучени НСО | 1-3 години |
| | Пристап до финансии, разбирање како работат банките и финансиските институции | ЗНС/ Социјално претпријатие / МДЦ ТИ Нет. | Обука за сите членови на социјалното претпријатие за финансии | Обучен менаџерскиот кадар на социјалното претпријатие | 1 година |
| | Обука за вработените во ЈП во соработка со НСО | ЗНС/ Пакомак/ МТСП/ Комунална хигиена/ Агенција за вработување/ Донатори/ Град Скопје | Обука за сите членови на ЈПКомунална хигиена што се вклучени во работа со НСО | 20 обучени вработени на ЈП | 1-3 години |
| | Разбирање за управувањето со цврст отпад и работата со општините и со компаниите за управување со отпад | ЗНС/ ПАКОМАК/ МТСП/ Комунална хигиена/ Агенција за вработување/ Донатори/ Град Скопје | Обука за сите членови на НСО | 50 обучени НСО | 1-2 години |
| | Изградба на капацитетите за правни прашања | ЗНС/ ПАКОМАК/ МТСП/ Комунална хигиена/ Агенција за вработување/ Донатори/ Град Скопје | Обука за сите членови на НСО за лична регистрација, идентификациски картички, пристап до општински услуги, пристап до училишта | 50 обучени НСО | 1-2 години |

| **Цел** | **Клучни активности** | **Одговорности** | **Средства за спроведување** | **Индикатори за изведба** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Создавање на свест и сензибилност* | Широка кампања за зголемување на свеста наменета за целата популација на | ПАКОМАК /Комунална хигиена / Агенција за вработување / Донатори / Град Скопје | Летоци, брошури, постери, електронски медиуми, конференции за печат | Сензибилизирано50 % од населението на Град Скопје | 1-3 години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје на печатени и електронски медиуми за намалување на отпад од пакување/ одвојување и рециклирање преку објаснување на улогата на НСО во формалниот систем за управување со цврст отпад | | | | |
| | Организирање на месечни активности за чистење со социјалното претпријатие и охрабрување на партнерства | ПАКОМАК /Комунална хигиена / агенција за вработување / Донатори / Град Скопје / Социјално претпријатие / ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. | Организирани активности во кои е вклучена Комуналната хигиена/ социјалното претпријатие /пошироката јавност и студентите | 10-12 активности за чистење годишно | 1-3 години |
| | Едукација на јавноста, на членовите на градскиот совет, на институциите за најдобрите практики за вклучување на НСО во управувањето на отпадот од пакување | ПАКОМАК /Комунална хигиена / Агенција за вработување / Донатори / Град Скопје / Социјално претпријатие / ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. | Работилници, електронски медиуми, летоци | Сензибилизирани 1000 членови на локалната и централната власт | 1-3 години |
| | Претставување на управувањето на отпад од пакување на основните и средните училишта од НСО | ПАКОМАК /Комунална хигиена / агенција за вработување / Донатори / Град Скопје / социјално претпријатие / ЗНС/ МДЦ ТИ Нет. | Заеднички активности за чистење, работилници, летоци | Учество на 3.000 ученици во еден настан | 1-3 |

Резултатите врз основа на Акцискиот план за Град Скопје би биле следниве:

- Формирање на социјално(микро) претпријатие
- До крајот на првата година од функционирањето, најмалку 5 НСО по можност од регионот Под Кале да се вклучат со договор (обезбедувајќи пристап до социјалните придобивки и услуги пропишани со закон), со надоместок повисок последниот приход на НСО.
- Во текот на втората година на функционирање, социјалното претпријатие треба да ги прошири активностите за соработка во Скопје
- За време на развојниот процес од социјалното претпријатие не смее да се користи детски труд за собирање на отпад.
- До крајот на првата година, сите деца на ангажираните НСО од социјалното претпријатие треба редовно да посетуваат училиште.
- До крајот на третата година, бројот на вработени НСО во социјалното претпријатие треба да ја достигне бројката 50

**4. Потребни услови за формирање на задруга или социјално претпријатие во сопственост на собирачи на отпад од земјата.**

**1. Трошоци за отворање и за функционирање**

- Сметководствени услуги за задругата (за времетраење на проектот)
- Субвенционирани плати за социјалното претпријатие/управител (за времетраење на проектот)
- Субвенционирани плати засоцијално претпријатие/администратор/финансиски соработник (за времетраење на проектот)
- Издавање на ЕИА документацијата
- Издавање на лиценци за управување со отпад
- Обуки за здравство, безбедност и од оган
- Регистрација и обезбедување на возило
- Издавање на дозвола за транспорт, складирање и трговија со неопасни материјали
- Капитал за почеток (трошоци за функционирање, субвенционирани плати за нови вработувања во задругата за најмалку 6 месеци, откуп на капиталот)

**2. Потреба за земјиште**

- **Земјиште**: Рамно со површина од 500 м2, со можност за поставување на механизација (Поле за рециклирање во сопственост на Комунална хигиена).
- **Локација**: Да се наоѓа во населено место (населба или трговска средина) и да е лесно пристапно за јавноста за соодветно исфрлување на секаков вид секундарен отпад. Оваа локација треба да биде исто така и во функција на точки за откуп на материјалите од отпад. Да има пристап за тешки транспортни возила. потребна е и близина на главни транзитни патишта.
- **Инфраструктура**: Потребно е водоснабдување од градот, канализација и индустриска електрична енергија. Потребна е изградба на пат и поврзување со комуналните услуги.
- **Дозвола за управување со отпад**: Земјиштето треба да биде на место на кое што ќе биде можно да се спроведат дејности поврзани со управување со отпад, вклучувајќи и повремено складирање и обработка на опасни материјали. (ЕЕ отпад и акумулатори) со цел да се лиценцира задругата како оператор за управување со отпад со одредени надлежности.

**Процедури за организација и спроведување** Претпријатието/задругата ќе ги собира следниве видови на секундарни суровини:

- Хартија (картони, весници, канцелариска хартија)
- Пластика (ПЕТ и ПП шишиња, ПП фолии)
- Метал (Алуминиум и лименки)
- ЕЕ отпад (апарати за домаќинства, компјутери, канцелариски машини)
- Акумулатори од возила

- Стакло (под услов на новите барања на пазарот и воспоставување на систем за исплата за лиценцирани оператори за отпад од пакувања во земјата во согласност со Националниот план за управување на отпадот)

Причините за концентрација на наведените видови на секундарни суровини се:

- Постоењето на побарувачка за такви видови на материјали.
- Лесен пристап до такви материјали од сите видови на генератори на отпад и постојано снабдување.
- Универзална опрема за обработка на таквите материјали.
- Ниски трошоци за обработка и третирање на материјалите.
- Висок пораст на вредноста на материјалите за обработка со соодветната опрема.

**Генератори/клиенти на отпад**

Социјалното претпријатие/задруга им пристапува на директен начин на генераторите на отпад со понуда за решение за управување со отпадот без разлика на количината што тие ја произведуваат во тесна соработка со ПАКОМАК и други лиценцирани оператори во земјата. Социјалното претпријатие/задругата ќе ги обезбедува овие услуги бесплатно. Како компензација социјалното претпријатие ќе има сопственост на собраниот отпад за рециклирање за понатамошна обработка и продажба на секундарната суровина. Количината ќе ја одредува само темпото на собирање на материјалите и договорените видови услуги за дадениот клиент (пр. набавка на канти или кутии со пластични кеси за собирање на материјалите. Видовите на генераторите на отпад на кои ќе се фокусираат се (по редослед на важност):

- МСП
  - Продавници
  - Канцеларии
  - Работилници и големо-продажни субјекти
- Хотели, ресторани и кетеринг услуги
- Големи компании
- Јавни институции: училишта, здравствени центри, болници, општини, пазари
- Станбени објекти

Социјалното претпријатие/задругата ќе потпише договор со сите клиенти, што ќе ги дефинира услугите.

Проектот на ЕИДХР “Вклучувањето на неформалните собирачи на отпад во формалната шема за управување со отпад на земјата” се спроведува од МДЦ-ТИ.Нет.

Контакти:

МДЦ-ТИ.Нет
Адреса: Ленинова 11, 1000 Скопје
Т/Ф: +389 2 3246-794; 3246- 796
Електронска пошта: office@mdctinet.org.mk
www.mdctinet.org.mk